декември 2009

Број 1, година 1

# САКАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА ЖИВЕЈ ЈА ЕВРОПА

www.sep.gov.mk

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 2009 - УСПЕШНА ГОДИНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




## ПОЗИТИВЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЕК

**Европската комисија на 14 октомври 2009 година го објави редовниот Извештај за напредокот на Република Македонија и препорача почеток на преговорите за членство во Европската унија.**

## ПАДНА ШЕНГЕНСКИОТ ЅИД

**Европскиот шенгенски простор со 28 земји, петстотини милиони жители и територија од 4,3 милиони километри квадратни од 19 декември 2009 година стана достапен за патување за македонските граѓани без визи.**



***Д-р Васко Наумовски*** *- вицепремиер за европски прашања*

*„ Визијата што ние како држава ја имавме години наназад е веќе олицетворена во видливи резултати кои нé носат поблиску до семејството во кое сите ние припаѓаме. Визната либерализација е несомнено еден од најголемите успеси што Репубика Македонија ги достигнува од својата независност.Тоа е еден историски успех за сите граѓани на Република Македонија“*



***Оли Рен*** *- комесар за проширување*

*„ Знам колку е ова значајно за обичните граѓани на оваа држава и морам да кажам дека бев навистина импресиониран од брзината и квалитетот со кој што се одвиваат реформските процеси и се усвојуваат реформите од страна на Владата на господинот Никола Груевски, но и од страна на Парламентот, секако со поддршка на сите во земјата, со цел да се квалификувате за визна либерализација“*

# ЕК ПРЕПОРАЧА ПОЧЕТОК НА ПРЕГОВОРИ ЗА ЧЛЕНСТВО

Европската комисија на 14 октомври 2009 година го објави редовниот Извештај за напредокот на Република Македонија и препорача почеток на преговорите за членство во Европската унија. Извештајот содржи детална анализа и проценка на степенот на исполнување на копенхагенските критериуми односно спроведувањето на политичките и економските реформи, како и степенот на усогласување на македонското национално законодавство со правото на ЕУ. Во Извештајот посебно е нотиран напредокот кој е остварен во сферата на оданочувањето, царината, правдата, слободата, безбедноста и транспортот, но и препораките за областите во кои треба да се направат дополнителни реформи и подобрувања.



Владата на Република Македонија го поздрави Извештајот на ЕК како и препораките за почеток на пристпаните преговори и се обврза во претстојниот период интензивно да продолжи со усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ, зајакнување на институционалните структури во координација и управување на процесот на пристапување како и натамошно зајакнување на административните капацитети за имплементација и зајакнување на законодавството особено во областите на јавната администрација, животната средина и социјалната политика.

***Никола Груевски*** *- премиер на РМ*

*„Денешниот ден е историски ден за Република Македонија и историски ден за граѓаните на Република Македонија. Извештајот на Комисијата од 2009 година за Република Македонија за последната година го поздравува зајакнатото функционирање на нашата демократија и стабилноста на институциите што се однесува до владеењето на правото“*





***Оли Рен*** *- комесар за проширување*

*„Република Македонија оствари уверлив напредок и суштински се осврна на клучните реформски приоритети. Комисијата смета дека земјата во задоволителна мерка ги задоволува политичките, критериуми од Копенхаген и дека овие елементи и овозможија на Комисијата да препорача отворање на преговори за членство“*



***Ерван Фуере*** *- шеф на Делегацијата на ЕУ*

*„Оваа препорака дадена од страна на Европската комисија претставува силно признание за политичката волја и за капацитетот кој што го има оваа Влада да постигне успех“*

На 2 декември 2009 година, премиерот Никола Груевски во Брисел се сретна со претседателот на Европската комисија Жозе Мануел Баросо. Груевски и Баросо, на првата меѓусебна средба, разговараа за препораките на Европската комисија и очекувањата на Македонија за одредување датум за почеток на преговори за членство во ЕУ. Баросо по средбата уште еднаш подвлече дека Македонија по добивањето на препораката за членство напредува во своите аспирации за членство во ЕУ.

Комисијата даде три препораки во корист на Република Македонија во 2009: препорака за визна либерализација во јули, препорака за започнување на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација во октомври по што следуваше и препораката за започнување на пристапните преговори. Сето ова беше возможно заради направените напори за исполнување на критериумите на ЕУ.



# ПАДНА ШЕНГЕНСКИОТ ЅИД

Европскиот шенгенски простор со 28 земји, петстотини милиони жители и територија од 4,3 милиони километри кавдратни од 19 декември 2009 година стана достапен за патување за македонските граѓани без визи. Со одлуката што ја донесе Советот на министрите за внатрешни работи и за правда на земјите-членки на ЕУ на крајот на ноември, граѓаните на Македонија се ослободуваат од визните редици за краткорочен престој до 90 дена во рок од шест месеци, односно до 180 дена во рок од една година. Визната либерализација на Македонците ќе им овозможи да патуваат во 25 земји-членки на ЕУ со исклучок на Велика Британија и Ирска, и во уште три европски земји - Норвешка, Швајцарија и Исланд.



***Тања Фајон*** *- известувач за визна либерализација во ЕП*

*„Вие навистина го заслуживте ова и сте првата земја во регионот која ги исполни критериумите и потребните задачи за да го добие ова ослободување. Навистина треба да и се честита на Владата и на другите учесници во овој процес кои што завршија одлична работа“*

***Зоран Талер*** *- известувач за Македонија во ЕП*

*„Процесот на визната либерализација покажа дека институциите на Република Македонија имаат капацитет да ги исполнат стандардите на ЕУ, но истовремено тоа беше одлична вежба во пресрет на почетокот на преговорите“*



# ЕВРОПА НА ДЛАНКА:ПАРИЗ

По повод визната либерализација Владата на Република Македонија организираше симболично патување во Париз за 150 македонски граѓани, студенти и новинари. Тие, придружувани од вицепремиерот д-р Васко Наумовски и министерката за внатрешни работи м-р Гордана Јанкулоска , без ограничувања само со биометриски пасоши зачекорија во европската шенген зона.



***Д-р Васко Наумовски** - вицепремиер за европски прашања*

*„Паѓањето на визната бариера е историски успех на Република Македонија и македонските граѓани што се должи на конкретните резултати постигнати во изминатиот период пред сé во областа на внатрешните работи. Ние сме убедени дека со ова македонските граѓани се чекор поблиску до Европа, чекор поблиску до остварување на нашата конечна цел - полноправното членство во ЕУ“*

***М-р Гордана Јанкулоска** - министер за внатрешни работи*

*„Ова е историска придобивка која значи слобода на движење, достоинство за граѓаните и можност за непречена размена на искуства и знаења, и истовремено е прв но голем чекор за евроинтеграциите бидејќи Македонија и македонските граѓани неминовно и припаѓаат на ЕУ“*



**19.12.2009 -** Плоштад „Македонија“ , Скопје
Прослава по повод визната либерализација

**Исполнети критериуми од Патоказот за визна либерализација**

- **Воведени висококвалтетни биометриски пасоши**
- **Воспоставен Национален виза информативен центар**
- **Воспоставен Национален координативен центар за управување со границите**
- **Поврзани гранични премини со базата на податоци на МВР**
- **Завршена демаркацијата на границата со Косово**
- **Воспоставен систем за интегрирано гранично управување**
- **Укинување на визите за граѓаните на земјите-членки на ЕУ**
- **Потпишан договор за реадмисија со ЕУ и активно исполнување на обврските што произлегуваат од него**
- **Остварен значителен напредок во борбата против трговијата со луѓе и нелегалната миграција**
- **Оперативен приемен центар за азиланти**
- **Потпишани стратешки договори за соработка со EUROPOL и EUROJUST**

# ПРЕНОС НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПА ФОНДОВИТЕ

**Пренос на надлежностите за управување со ИПА фондовите за III компонента - регионален развој**

**24.07.2009** - Со одлуката за пренос на надлежностите за ИПА Компонента III за регионален развој, Република Македонија се стекна со право за користење и самостојно управување на над 110 милиони евра. Средствата се наменети за инфраструктурни проекти и тоа 40,5 милиони евра европски пари за финансискиот период 2007 - 2009, за кои проектите се веќе подготвени и 69 милиони евра за финансискиот период 2010 – 2011 за кои веќе се дефинираат приоритетите.Оваа компонента се смета како подготовка на земјата за искористување на структурните и кохезионите фондови на ЕУ, по стапувањето во членство.

**Пренос на надлежностите за управување со ИПА фондовите за IV компонента - развој на човечки ресурси**

**16.10.2009** Со одлуката на Европската комисија за пренос на надлежностите за управување со ИПА фондовите за IV компонента Република Македонија се стекна со право самостојно да управува со над 55 милиони евра од ИПА Компонентата IV за развој на човечки ресурси за финансискиот период 2007-2013. Средствата се наменети за проекти во областите - вработување, социјална инклузија и образование.

**Акредитација за целосно децентрализирано управување со ЕУ фондовите од ИПА Компонента V – рурален развој**

Вкупните средства за ИПА Компонента V за периодот 2007-2013 се близу 87,5 милиони евра, додека за периодот 2007 – 2010 година изнесуваат 31,5 милиони евра. Кон овие средства, само за периодот 2007-2010 Владата на Република Македонија инвестира 10,5 милиони евра сопствено национално кофинансирање. Преку ИПАРД програмата ќе се покриваат инвестиции во земјоделството,во преработката и пласманот на земјоделски производи и диверсификација и развој на економијата. Одлуката на ЕК за децентрализирано управување со фондовите од оваа компонента е објавена на **19.12.2009** година.

***Потпишани Финансиски спогодби***

***Спогодба за финансирање за ИПА Компонентата III – регионален развој 2007 – 2009 година***

**14.09.2009** - Со потпишувањето на Спогодбата, Македонија обезбедува 40 милиони евра од европските фондови, а кон овие средства македонската Влада ќе вложи дополнителни 38 милиони евра со што ќе се зголемат ефектите и резултатите од планираните проекти.



**16.12.2009,** Скопје
Потпишување на финансиски спогодби за ИПА компонента II - прекугранична соработка и компонента IV - развој на човечки ресурси

***Спогодби за користење на ИПА фондовите за развој на човечки ресурси и за прекугранична соработка со Албанија и Грција***

**16 .12.2009** - Со спогодбата за финансирање на програмата за прекугранична соработка со Албанија од ИПА средствата за 2008 година Македонија ќе може да користи 1 милион евра, а за прекуграничната соработка со Грција 1,3 милиони евра. Целта на програмите е промоција на одржлив развој во прекуграничните области. Со спогодбата за развој на човечки ресурси, на Македонија и се ставаат на располагање 19,2 милиони евра. Користењето на средствата од програмата за развој на човечки ресурси е подготовка на земјата за целосно вклучување во проектите на Европскиот социјален фонд, по стапување во членство.

## ЛИСАБОНСКИ ДОГОВОР — НОВ ПОЧЕТОК ЗА ЕУ

По долгиот процес на ратификација Лисабонскиот договор стапи на сила на 1 декември 2009 година со што се отвори можноста за сеопфатни институционални промени со кои ќе се подобри процесот на одлучување и улогата на Европската унија на меѓународен план.

Според Европската комисијата новиот договор овозможува значајни придобивки за граѓаните и за подолг период ќе ја смири институционалната дебата.

Лисабонскиот договор им дава можност на европските граѓани да се изјаснуваат за европските работи и нивните фундаментални права да се дефинираат во повелба.

ЕУ ќе биде во можност подобро да се справи со очекувањата на полето на енергијата, климатските промени, прекуграничниот криминал и имиграцијата.



***Жозе Мануел Баросо**-претседател на Европската комисија*

*„Лисабонскиот договро ги става граѓаните во центарот на европскиот проект. Среќен сум што сега ги имаме вистинските институции за дејствување и период на стабилност, за да се фокусираме на испорачување на она што им е важно на нашите граѓани“*

Меѓу клучните подобрувања спаѓаат:

- подемократска, поотворена и поодговрана Унија – Европскиот парламент и националните парламенти ќе имаат поголемо право на глас во процесот на одлучување во ЕУ и граѓаните ќе имаат право да знаат како нивните министри одлучуваат на ниво на ЕУ. Сите граѓани ќе имаат можност да влијаат на предложените европски закони.
- поефикасна Унија – преку ефикасни и рационални институции вклучувајќи и полесно и поконзистентно одлучување за законите и други прашања, ЕУ ќе има поголема моќ да се бори со криминалот, тероризмот и трговијата со луѓе.
- повеќе права за Европејците - вредностите и целите на ЕУ ќе бидат појасно дефинрани од било кога порано. Повелбата за фундаменталните права ќе го има истиот правен статус како и самите европски договори.
- поистакнат глобален играч – воспоставени се нови функции за да се внесе повеќе кохерентност меѓу различните стандарди во надворешната политика како што се дипломатијата, безбедноста, трговијата и хуманитарната помош.

## ЕУ КАЛЕНДАР

**11-19.1.2010 -** сослушување на номинирани комесари во ЕП

**18.1.2010 -** состанок на Советот за земјоделство и рибарство

**19.1.2010 -** избор на нов Омбудсман

**19.1.2010 -** состанок на Советот за економски и финансиски прашања (ECOFIN)

**25-26.1.2010 -** состанок на Советот за надворешни работи (GAERC)

**26.1.2010 -** дебата и избор на новата Европска комисија од страна на ЕП

## ЕУ- ФЛЕШ ВЕСТИ

**повеќе на www.sep.gov.mk**

**Економското закрепнување во евро зоната добива на интензитет, иако со скромно темпо**

Тоа што се нарекуваше „Голема рецесија“ изгледа се ближи до својот крај во третиот квартал на 2009 година. Растот се должи на подобрувањето на надворешната средина, на финансиските услови и на довербата.
Но перспективата сепак останува неизвесна како резултат на масовната поддршка на владите и централните банки ширум светот, поддршка која на крајот ќе мора да биде намалена и се ќе зависи од способноста на банкарскиот сектор за зголемување на сегашните нивоа на кредитирање на стопанството.

## Ви ја претставуваме: http://ec.europa.eu/civil_society/index_en.htm

Со Лисабонскиот договор се воведува нова форма на учество на граѓаните во креирање на политиките во ЕУ, преку така наречената „Граѓанска иницијатива“, со која им се овозможува на еден милион жители на ЕУ да доставaт свое барање или предлог кој се однесува на политиките на ЕУ директно до Европската комисија. Пред да им се овозможи граѓаните да го користат своето ново право, треба да се дефинираат основните правила и процедури во регулатива на ЕУ. Со цел да се слушнат ставовите на сите заинтересирани страни по однос на ова прашање ЕК започна процес на јавна консултација. Повеќе информации за оваа тема може да се најадат на специјализираната интернет страница:

http://ec.europa.eu/civil_society/index_en.htm

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**За информации во врска со натписите во билтенот можете да се обратите до Секретеријатот за европски прашања, Влада на Република Македонија**

**Издавач: Секретаријат за европски прашања**
**Адреса: Илинденска бб,**
**1000 Скопје**
**Тел: + 389 2 3200 100**
**e-mail: contact@sep.gov.mk**